**Почитувани ментори,**

Ве известуваме дека Регионалните натпревари по географија за ученици од сите одделенија ќе се одржат на 16.03.2024 година со почеток во 12:30 часот.

Натпреварите ќе се одвиваат со физичко присуство според приложените напатствија и Пропозиции кои се објавени на официјалната страна на Здружението (https://www.geograf.mk).

Теми и материјаили за подготовка на регионалните и државниот натпревар се објавени на страната на здружението, како и во информациите испратени до сите училишта и ментори.

На регионалните натпревари директно учество имаат оние училишта кои се наоѓаат во Општина со помалку од 3 (три) Основни училишта.

- Теми и материјаили за подготовка на регионалните натпревари:
  ***VII одделение:*** Природно-географски карактеристики, Население и населби во Република Северна Македонија - Соодветни материјали со релевантни информации и податоци според содржини во наставната програма за 7 одд.
- ***VIII одделение:*** Природно-географски, социо-географски карактеристики на Европа и регионална поделба на Европа (Јужна Европа) - Географија за 8 одделение за основно образование од авторите Коле Павлов, Ѓорѓи Павловски, издадено во 2020 година од МОН.
- ***IX одделение:*** Азија и Африка - Географија за 9 одделение за основно образование од авторите Коле Павлов и Ѓорѓи Павловски, издадено во 2023 година од МОН.

Учениците имаат на располагање 60 минути да одговорат на прашањата.

- Сите учесници треба да се присутни на местото на настанот во 12:00;
- Во 12:30 часот започнува натпреварувањето, а конечните резултати и пласман ќе биде истакнати и на веб страницата на Здружение на професори по географија на Македонија ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ – Скопје;
- Менторите ќе бидат вклучени во прегледување на тестовите и во Регионалните комисии
- Незадоволните ученици преку менторот имаат право на приговор до Регионалните комисии, најдоцна 90 минути по објавувањето на неофицијалните резултати;
- Комисијата е должна иститот ден да ги разгледа приговорите и за тоа да го извести подносителот;
- Резултатите од одговорот по приговорот се конечни;
- Доколку повеќе ученици постигнат ист број на бодови на регионалниот натпревар, сите ученици го делат истото место;
- На државен натпревар можат да учествуваат сите ученици кои освоиле прво, второ и трето место од соодветниот регион сите кои имаат освоено 85 и над 85 бодови на натпреварот;
- Доколку од регионот нема ученик со над 85 бода, прво пласираниот (еден) од соодветниот регион, се приклучува кон учениците кои се пласирани за државниот натпревар, но не помалку од 70% од максимално предвидените бодови на регионалниот натпревар;
- На регионалните натпревари, дипломи добиваат ученици со освоени прво, второ и трето место, додека менторите добиваат пофалница за освоено место.
- Останатите ученици и ментори добиваат уверение за учество на натпреварот.

За учество на натпреварите не се предвидени никакви трошоци од страна на учесниците, односно без котизација или било кој вид на членарина од страна на учениците или менторите.

Ви посакуваме успех во натпреварувањето!

**Здружение на професори по географија на Македонија**
**„ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – Скопје**